Уп. бр. 08-

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 став (1) точка 2) и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од ЕКСОР Н.В. (EXOR N.V.), со седиште на ул. Густав Махлерплеин 25 МС, Амстердам, Холандија, доставено преку Ѓорѓи Георгиевски, адвокат од Адвокатско друштво Георгиевски Скопје, на седница одржана на ден  22.01.2020 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЕКСОР Н.В. (EXOR N.V.), со седиште на ул. Густав Махлерплеин 25 МС, Амстердам, Холандија ќе стекне самостојна контрола над ГЕДИ Группо Едиториале С.п.А. (GEDI Gruppo Editoriale S.p.A.), со седиште на адреса Виа Цристофоро Цоломбо 90 00147, Рим, Италија, преку купопродажба на акции, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на РепубликСеверна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.12.2019 година, а дополнето на ден 27.12.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ЕКСОР Н.В. (EXOR N.V.), со седиште на ул. Густав Махлерплеин 25 МС, Амстердам, Холандија ќе стекне самостојна контрола над ГЕДИ Группо Едиториале С.п.А. (GEDI Gruppo Editoriale S.p.A.), со седиште на адреса Виа Цристофоро Цоломбо 90 00147, Рим, Италија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето на Известувањето и прилозите го утврди следното:

**ЕКСОР Н.В.** е друштво основано во согласност со законите на Холандија. Деловното работење на ЕКСОР се состои од долгорочни инвестиции со фокус на друштва кои се глобално активни во повеќе сектори, претежно во Европа и САД. ЕКСОР моментално има контрола над следните друштва (i) ПартнерРе Лтд, глобален едно-секторски реосигурител, со портфолио од традиционални реосигурителни ризици и ризици на пазарот на капитал; (ii) Фиат Крајслер Аутомобилес Н.В., владејачко друштво на глобална автомобилска групација која се занимава со дизајн, инженерство, производство, дистрибуција и продажба на возила, делови и производство на системи низ светот; (iii) Феррари Н.В. владејачко друштво на групација чиј фокус е дизајн, инженерство, производство и продажба на спортски коли со луксузни перформанси; (iv) ЦНХ Индустриал Н.В.,владејачко друштво на ЦНХ Индустриал Груп, која е активна во дизајн, производство, маркетинг продажба и финансирање на опрема за агрикултура и градежништво, камиони, комерцијални возила, автобуси и специјализирани возила за противпожарна, одбранбена и друга употреба, како и мотори, оски, и решенија за трансмисија на апликации за теренски, вон-теренски, морски и производство на електрична енергија и (v) Јувентус Фудбалски Клуб С.п.А., професионален фудбалски тим.

ЕКСОР Н.В. нема свои зависни претпријатија во Република Северна Македонија. На пазарот во Република Северна Македонија ЕКСОР Н.В. е единствено присутен преку продажби остварени од страна на независни дистрибутери.

**ГЕДИ Группо Едиториале С.п.А.** е друштво основано во согласност со законите на Италија. ГЕДИ, директно и индиректно преку своите зависни друштва е активен во медиумскиот сектор (издавачка дејност, дигитална комуникација, радио и телевизија). Главните друштва кои се контролирани од страна на ГЕДИ се (i) А. Манцони и Ц. С.п.А., друштво активно во продажба на рекламен простор; (ii) Елемедиа С.п.А., активно во емитување на три национални радио станици во Италија; (iii) ГЕДИ Њуз Нетворк С.п.А., друштво активно во издавачката дејност; (iv) ГЕДИ Дистрибуционе С.п.А., друштво за услуги на дистрибуција;(v) ГЕДИ Дигитал С.р.Л., друштво активно во продукција и менаџмент на уредничките содржини на ГЕДИ на сите негови платформи; (vi) Мо-Нет С.р.Л., друштво активно

во интернет секторот; и (viii) ГЕДИ Принтинг С.п.А., друштво активно во секторот за печатење. Акциите на ГЕДИ котираат на Миланската берза.

ГЕДИ ги издава Ла Република, Ла Стампа, Ил Секоло XIX, други национални весници, тринаесет локални дневни списанија, неделниот Л'Еспресо и други списанија. Управува три национални радио станици (Радио ДиЏеј, Радио Капитал и м2о). ГЕДИ е исто така присутен во интернет секторот и преку неговото зависно друштво А. Манцони и Ц. С.п.А. кое собира реклами за своите и за публикациите на трети страни. Активностите на ГЕДИ во медиумскиот сектор (издавачка дејност, дигитална комуникација, радио и телевизија) се наоѓаат во Италија и релевантните медиумски содржини се пренесуваат на италијански јазик. Незначителниот вкупен приход на ГЕДИ остварен во Република Северна Македонија е поврзан единствено со продажба на печатени медиуми.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**д-р Владимир Наумовски**